РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4695/4
31-01-2024
r./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на ден 26.01.23024 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот бр.12-4695/1, оформен по пријава доставена на 28.09.2023 поднесена од познат подносител, со наводи против Министерството за ---------------------- за неисполнување на договорна обврска, односно неисплаќање на средства во износ од 63.200,00 денари на ------------------------------------------ од -------------------- за интелектуален труд, согласно склучениот Договор за набавка на услуга за подготовка на испитни прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на испитот за вештаци, за потребите на Министерството за ----------------- бр.------------/-- од 10.07.2015 година, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување и не се потврдуват наводите на пријавата.

ДКСК му укажува на подносителот своето право да го оствари преку надлежен суд.

Предметот со број 12-4695/1 од 28.09.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

На ден 28.09.2023 година од страна на ------------------------------, поднесена е пријава против Министерството за ------------------------ со наводи дека на истиот не му се исплатени средства во износ од 63.200,00 денари за интелектуален труд, согласно склучениот Договор за набавка на услуга за подготовка на испитни прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на испитот за вештаци, за потребите на Министерството за ------------------------- бр.--------------/-- од 10.07.2015 година.

Подносителот во пријавата наведува дека Министерство за ---------------------------- злоупотребува со неговиот интелектуален труд веќе 7 години и ден денеска не му извршил исплата на надоместокот согласно горенавдениот склучен договор. Подносителот во пријавата наведува дека во 2015 година, врз основа на договор со Министерство за ------------------------- бр.-------------/-- од 10.02.20156, спремил и внел во системот e-prashanja.mk, преку негово корисничко име --------------------------- 250 прашања(50%) и 50 студии на случај(50%), како и ја изготвил програмата за испит за вештаци од областа на геодезијата (100%).

Подносителот во прилог на пријавата доставил и копии од емаил-комунискацијата со вработени службеници на министерството, па дури и со министрите во врска со предметниот случај.

Заради утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК достави барање за доставување на информации до Министерството за ----------------------- да не известат дали Министерството за ----------------------- ја исполнил договорната обврска, односно му има исплатено средства во износ 63.200,00 денари од спрема извршителот на услугата согласно склучениот Договор за набавка на услуга за подготовка на испитни прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на испитот за вештаци, за потребите на Министерството за ------------------- бр.-------------/-- од 10.07.2015 година.

На законски предвидениот рок ДКСК прими одговор од Министерството за -------------- во кој е наведено дека министерството уште ја нема подмирено договорната обврка спрема извршителот на услугата ---------------------------------.

ДКСК внимателно ја разгледа и анализира документацијата доставена од страна на подносителот, конкретно Договорот за набавка на услуга за подготовка на испитни прашања за првиот и базите на практични примери за вториот дел на испитот за вештаци, за потребите на Министерство за ------------------ бр.------------/-- од 10.07.2015 година, каде член 3 од договорот гласи:,,договорот се склучува за период до целосно извршување на услугата која е предмет на набавката,, и член 5 кој гласи:,,Плаќањето за извршената услуга од член 1 од овој договор, набавувачот ќе го изврши по извршување на предметот на набавката во законски утврдениот рок, по пат на сметка на извршителот на услугата,,.

Имајќи го во предвид дека подносителот во пријавата посочил дека спремил и внел во системот e-prashanja.mk, преку негово корисничко име -------------------------- 250 прашања(50%) и 50 студии на случај(50%), како и ја изготвил програмата за испит за вештаци од областа на геодезијата (100%) и од тоа произлегува дека вршителот на услугата не ја извршил целосно договорната обврска, што е спротивно член 3 и 5 од склучениот договор.

Врз основа на гореизнесеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно надлежно постапување, не се потврдуваат наводите и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Ф.Ј.,советник

Одобрил: К.Н, член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска